41327

ВЕЧЕР ☆ 17 ноември 1994 година

9720, 8,

ОД ДЕНЕС ПРОЕКЦИЈА НА ВИДЕО ФИЛМОВИ ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# ИСТОРИЈАТА И ДЕЛАТА НА ЛУВР

Во Музејот на современата уметност од денес (17,30 часот) ќе почне прикажувањето на серија од 15 видео филмови посветени на Лувр, најголемиот музеј во светот. Проектот е реализиран со Францускиот културен центар, повод е прославата на 200 годишнината на Лувр, а манифестацијата ќе ја отвори д-р Борис Петковски.

„Од кула до пирамида" (62 мин.) и „Во Лувр со ликовните мајстори" (47) се двата филма што ќе бидат прикажани утре, проследени со коментар од проф. Петковски, а в петок во 12 часот – во овој термин ќе почнуваат сите следни проекции – „Лувр, време на еден музеј", „Џоконда" и „Жермен Пилон". Од понеделник до среда ќе бидат прикажани уште десет видео филмови за историјата на Лувр и за уметничките дела во него: „Имагионарниот Лувр", „Восхитувачко поместување на времето", „Малата лажичка"; вторник: „Големата галерија на Лувр", „Возвишеност и свирепост"; „Давидовиот Брут"; „Саму и Мунтефре со Жан – Пјер Бертран", „Насмевка и плетеница" и последниот ден „Градот Лувр", „Дина кај кралевите" и „Марс и Венера".

З. Л.